Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-5642/12
02-04-2015 год.
Скопје

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5. Скопје. пошт. фах 38. телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки (..Сл. весник на Република Македониј бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14, 130/14 и 180/14) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-5642/4 од 24.03.2015 г. , Извештај од спроведена постапка пред е-аукција бр. 05-5642/5 од 24.03.2015 г., Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-5642/10 од 27.03.2015 г., Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-5642/11 од 27.03.2015 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.22/2014 , Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А

## за избор на најповолна понуда за Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила автоодговорност и осигурување на работници од несреќен случај (незгода)

На основ на Записник од отварање на понуди бр..05-5642/4 од 24.03.2015 г. , Извештај од спроведена постапка пред е-аукцуја бр. 05-5642/5 од 24.03.2015 г., Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-5642/10 од 27.03.2015 г., Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-5642/11 од 27.03.2015 г од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-5642/1 од 25.12.2014г., со примена на постапка- Прибирање понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила,автоодговорност и осигурување на работници од несреќен случај (незгода) се доделува на:

**„АЛБСИГ “ АД**
**Ул.,,1737,, бр.32 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 5 (пет) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор и Секторот за економско-финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Генерален Директор
Шеваљ Цеку , дипл.социолог

доставено до:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика,
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива